# ПОВИК ЗА ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

**„Заедно за успех: млади претприемачи, движечка сила за добри меѓуетнички односи"**

Проект финансиран од Европската Унија преку програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014, имплементиран од страна на Фондација за Претприемачки Сервис за Млади (координатор), Фондација за Менаџмент и индустриско истражување, Фондација Евро Центар и Здружение на граѓани Милениум

# Содржина

1. **ВОВЕД** 3
2. **ЗА ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНО ЗА УСПЕХ”** 4
3. **СОДРЖИНА НА ПОВИКОТ** 4
4. **УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОВИКОТ** 7
5. **ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА** 8
6. **ИНФОРМАТИВНИ СЕСИИ** 8
7. **КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА** 9
8. **СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГРАНТОВИТЕ** 10

# 1. ВОВЕД

И покрај институционалните реформи поврзани со правата на малцинствата и унапредувањето на меѓуетничките односи, сеуште се соочуваме со разлики и недоволна комуникација помеѓу различните етнички заедници во земјата. Постои јасна тенденција за моно-етнички пристап кога станува збор не само за политичките партии, туку и за самото граѓанско општество. Улогата на граѓанските организации станува сè позначајна за идентификување и решавање на потребите на граѓаните со што се забрзуваат институционалните, политичките и економските промени при што се придонесува кон почитување на човековите права и се постигнува напредок во процесот на демократизацијата. Вклученоста на граѓанското општество во инструментите за поддршка на процесот за претпристапување во ЕУ придонесува кон продлабочување на разбирањето на граѓаните за реформите кои земјата треба да ги исполни за ЕУ членство кадешто зајакнувањето на меѓуетничкиот соживот преку имплементација на Охридскиот Рамковен Договор останува еден од виталните приоритети каде улогата на граѓанскиот сектор има особено значење за почитување на етничкиот идентитет и промовирање на интересите на сите граѓани. Од друга страна, во услови на висока (младинска) невработеност и стагнација во евроинтеграциските процеси, улогата на младите и постоењето на взаемна доверба и заеднички гледишта е од особено значење за унапредување на социолошките прилики во општеството. Во таа насока, неопходно е континуирано да се работи на зајакнување на капацитетите за застапување и делување на младинските граѓански организации и промовирање на истите како значаен социјален партнер, особено на локално ниво. Дополнително, унапредувањето на економските услови за младите лица директно влијае на подобрувањето и на самите социјални релации. Во овој контекст, неопходно е да се поддржат младите претприемачи кои не само што придонесуваат кон економскиот развој, туку поседуваат и капацитет за промовирање на добри меѓуетнички односи.

Иако младите претприемачи со различно етничко потекло може да имаат различни мотиви и потреби, постојат одредени предизвици, како што се недостатокот на извори на финансирање и услуги за поддршка, а што се заеднички за сите нив. Истовремено, граѓанските организации кои ги застапуваат нивните интереси ретко имаат сознанија за потребите на младите од другите етнички заедници во земјата. Во оваа насока се реализира проектот „Заедно за успех: млади претприемачи, движечка сила за добри меѓуетнички односи“ („Заедно за успех”) што има цел да придонесе кон развојот на мултикултурната демократија и стабилност преку мобилизирање на младите претприемачи и соодветните граѓански организации околу една неутрална, а значајна платформа за унапредување на меѓуетничките односи – младинското претприемништво.

Проектот „Заедно за успех“ се надоврзува на резултатите и активностите на Мрежата за поддршка на младинското претприемништво[1], формирана во 2014 година со поддршка на ЕУ. Истата претставува национална, мултиетничка мрежа на младински организации и има за цел јакнење на нивните капацитети за влијание врз политиките и програмите за младинско претприемништво. Акцискиот план на мрежата беше изработен во март 2015 година во согласност со потребите на младите и граѓанските организации и во линија со приоритетите на Акцискиот план на ЕУ – „Претприемништво 2020“[2].

Со цел зголемување на инклузивноста на мрежата и искористување на нејзиниот потенцијал за унапредување на меѓуетничките релации, како резултат на планирање засновано на докази и

[1] http://www.yes-network.org/
[2] https://ec.europa.eu/growth/smes/promoting-entrepreneurship/action-plan/

партиципативен пристап Акцискиот план на мрежата е дополнет со нова приоритетна област – Стимулирање на претприемништво кај младите од немнозински етнички групи. Целите и мерките од наведената област претставуваат основа за овој Конкурс за финансирање на активности на граѓански организации во областа на младинското претприемништво. Ажурирана верзија на Акцискиот план на Мрежата за поддршка на младинското претприемништво може да се преземе на следниот линк.

## 2. ЗА ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНО ЗА УСПЕХ”

Оваа грантова шема е дел од проектот „Заедно за успех” кој го спроведуваат Фондацијата за Претприемачки сервис за млади, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување, Фондација Евро Центар и Здружение на граѓани Милениум во рамките на Програмата на ЕК ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014 (грант ИПА 2015/370-751).

Главната цел на проектот „Заедно за успех“ е придонес кон развојот на мултикултурната демократија и стабилноста во земјата преку унапредување на капацитетите на младинските граѓански организации и младите претприемачи од различни етнички заедници. Стратешката цел на проектот е промовирање на претприемништвото како заедничка перспектива на младите и останатите релевантни актери од општеството. Преку планираните активности за вмрежување, стратешко планирање, подигање на свесност и поддршка на локални акции, проектот ќе ги адресира идентификуваните предизвици и ќе креира услови за искористување на потенцијалот на целните групи за унапредување на меѓуетничките односи во земјата.

Повеќе информации за проектот има на линкот во продолжение https://goo.gl/d5tMaK.

## 3. СОДРЖИНА НА ПОВИКОТ

Повикот за финансирање активности на граѓански организации е изготвен во линија со основните начела на Охридскиот Рамковен Договор со цел преку заеднички пристап да се даде придонес кон обезбедување на иднината на демократијата и поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците.

Грантовата шема во рамките на проектот „Заедно за успех“ се фокусира на зајакнување на соработката меѓу целните групи на проектот (граѓански организации, млади претприемачи и единици за локална самоуправа) на локално ниво со цел промовирање на младинското претприемништво, со посебен акцент на немнозинските групи во општеството, како заедничка платформа за унапредување на меѓуетничките односи. Како основа за идентификување на темите земени се **Акцискиот план на Мрежата за поддршка на младинското претприемништво** (*Приоритетна област 4: Стимулирање и поддршка на претприемништвото кај младите од немнозинските етнички групи)*, како и препораките од **Мултиетничката истражувачка студија за младинско претприемништво.**

*Приоритетни се следните теми:*

**I. Подобрување на условите за развој на претприемништвото**

- Креирање свесност и градење капацитети на организациите за бизнис-поддршка
- Истакнување и промовирање на претприемништвото од припадници на немнозински етнички заедници на локално ниво

**II. Интегрирање на претприемачи од немнозински етнички заедници во програми за поддршка и вмрежување**

- Прилагодување на услугите и мерките за поддршка согласно индивидуалните потреби на младите претприемачи од етничките малцинства
- Јакнење на капацитетите на млади претприемачи од немнозински етнички заедници преку таргетирани обуки, советување и менторство
- Вмрежување на младите претприемачи со претприемачи од исто етничко потекло како и нивна интеграција со успешни претприемачи од различни етнички групи, институции за поддршка на бизниси и креатори на политики
- Таргетирање маргинализирани подрачја со голем процент на етнички малцинства

Граѓанските организации се охрабруваат да ги споделуваат своите методологии и да ги надградат постоечките добри пракси, а со цел да ги подобрат и прошират услугите за поддршка на претприемачите од немнозински етнички групи, како и да промовираат нивно вмрежување со различни релевантни актери и претприемачи од другите етнички заедници. Како вкрстени прашања, посебно ќе се земат предвид: врската со локалната заедница, меѓуетничкиот пристап и пристапот на еднакви можности.

***Критериуми кои мора да бидат исполнети:***

- Апликантот мора да одбере една од горенаведените приоритетни теми на која предлог-проектот потпаѓа;
- Проектната активност треба да биде од локален карактер и да вклучува минимум една или повеќе општини во рамките на еден или повеќе региони;
- Единицата на локална самоуправа од општината каде ќе биде имплементирана проектната активност мора да биде активно вклучена;
- Најмалку 15 локални претприемачи од различни етнички заедници треба бидат вклучени во проектните активности;
- Во предлог-проектот да се предвиди активност за градење на капацитети на граѓански организации во износ 15% од вкупниот одобрен грант во најмалку една од следните области, согласно потребите на апликантите: развој на вештини за вмрежување, развој на организациски вештини, финансирање и управување со финансии за граѓански организации и развој на вештини за застапување.

***Се поттикнува имплементација на следните активности:***

- Спроведување на истражувања и анализи на потребите на младите претприемачи од етнички малцински групи во општеството
- Изведување на студии за потребите на унапредување на меѓуетничките односи кај младите
- Организирање на различен вид на настани за промовирање на младинското претприемништво, јавни дебати, тркалезни маси на локално ниво и сл.
- Воведување механизми за поддршка на претприемачи од немнозинските етнички групи во рамки на постоечки ЛЕР стратегии
- Имплементација на иновативни пристапи за вклучување на младите претприемачи во процесот на донесување на одлуки и/или креирање на политики на локално ниво
- Јакнење на капацитетите на претприемачите за отворање и водење на сопствен бизнис преку организирање на таргетирани обуки, консултативни средби, работилници, подготовка на прирачници и сл.
- Стимулирање на претприемачката култура преку промовирање на локални успешни претприемачки приказни – организирање на менторски часови, Б2Б средби и др.
- Развој на нови услуги за поддршка на претприемачите со фокус на промовирање на мултиетничкото вмрежување на истите
- Анализи за ограничувањата при обезбедување почетен капитал и средства за раст од страна на финансиските институции
- Формирање менторска мрежа од успешни претприемачи и промовирање добри пракси
- Отворање локални канцеларии за поддршка на мали бизниси во маргинализирани подрачја
- Имплементација на иновативни форми на долгорочно партнерство меѓу локалните граѓански организации
- Јакнење на капацитетите на граѓанските организации во област услуги за поддршка на младите претприемачи и/или унапредување на меѓуетничките односи
- Формирање локални/регионални/национални мрежи од организации за промоција на претприемништво од етнички малцинства и за поддршка на претприемачи од етнички малцински групи

**Забелешка:** Листата на активности не е ограничувачка, горенаведените активностите се дадени илустративно. Други активности што не се споменати погоре, а кои одговараат на повикот исто така ќе бидат земени предвид за поддршка во рамките на оваа грантова шема. Приоритет ќе биде даден на иновативни активности и пристапи кои решаваат проблеми од областа на младинското претприемништво и/или унапредување на меѓуетничките односи.

Ставките во буџетот мора да се поставени во функција на реализација на предвидените активности. Само трошоци што се поврзани со имплементација на проектната активност ќе бидат предмет на одобрување. Образецот за предлог-буџет ги содржи ставките што можат да бидат финансирани во рамките на грантовата шема. Истите, треба да се детално и недвосмислено

објаснети во образецот за предлог-буџет (Прилог 2). Трошоците за ДДВ не се признаваат. Апликантите со кои ќе биде склучен договор ќе треба да спроведат постапка за ослободување од ДДВ по основ на странска донација во Секретаријатот за европски прашања, во соработка со спроведувачите на проектот „Заедно за успех".

***Следниве категории трошоци се прифатливи:***

- Бруто плати (во максимален износ од 30% од вкупната вредност на проектот)
- Хонорари за надворешна експертиза
- Трошоци за транспорт и ноќевања
- Трошоци за организирање настани (изнајмување сала, опрема, освежување итн.)
- Трошоци за изработка на веб решенија
- Трошоци за промоција (изработка и печатење на брошури)

**Забелешка:** Усогласување на предложениот буџет ќе претходи на фазата на потпишување на договор со избраните предлог-проекти за доделување на грант.

## 4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОВИКОТ

Грантовата шема има вкупен фонд од ***2.882.271*** денари, додека пак максималниот износ по поединечен грант е ***320.252*** денари. Грантовата шема е отворена за граѓански организации, при што во истата ќе бидат вклучени најмалку ***18 граѓански организации.*** Предлог-проектите треба да бидат со максимално времетраење од ***6 месеци*** и да се имплементираат во периодот март – август 2017 година. Временската рамка на целосниот проектен циклус е предвидена на следниов начин:

- февруари 2017: потпишување на договори и регистрација на проектите во Секретаријат за Европски Прашања
- март – август 2017 година: имплементација на проектните активности
- септември 2017 година: поднесување финален наративен и финансиски извештај

Предлог-проектите што предвидуваат временска рамка што не се совпаѓа со наведениот период на имплементација нема да бидат прифатени.

***Право на учество на повикот како апликанти имаат граѓански организации кои:***

- се регистрирани во Централен Регистар како здруженија или форми на нивно здружување согласно Законот за здруженија и фондации,
- се основани најмалку две (2) години од датумот на објавување на овој повик,
- имаат спроведено активности во областа на младинското претприемништво или економско јакнење на младите лица,
- имаат организациски капацитет,
- се одговорни за подготовка и менаџирање на проектната активност.

Апликантот треба да го имплементира предлог-проектот во соработка со најмалку ***1 (еден) ко-апликант*** кој мора да ги исполнува истите критериуми како горенаведените услови за апликантот. Граѓанската организација ко-апликант треба да е активна на полето на унапредување на меѓуетничките односи и/или да обезбедува поддршка на млади претприемачи од етничка заедница различна од онаа што ја адресира апликантот. Апликантите треба да го објаснат начинот на кој ќе се реализира соработката помеѓу партнерите со цел размена на искуства и добри пракси како и на можностите за нивно мултиплицирање од страна на други организации.

Апликантот и неговите ко-апликанти може да бидат лоцирани во иста или различна општина, а при тоа таргетираат млади лица од различно етничко потекло. Апликантот и ко-апликантот може да се јават како апликант или ко-апликант само во еден предлог-проект, и не смеат да учествуваат како апликант или ко-апликант во друг предлог-проект.

# 5. ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА

Апликантите треба да достават:

- пополнет Образец за пријавување (Прилог 1) на македонски јазик и доставен во пдф формат со печат и потпис од страна на одговорното лице на апликантот;
- пополнет Предлог-буџет во ексел формат (Прилог 2);
- тековна состојба од Централен регистар, не постара од шест месеци;
- копија од писмо/а за поддршка од страна на единицата/те за локална самоуправа каде што ќе се имплементираат проектните активности.

Објаснувања за пополнување се дадени во самите обрасци. За дополнителни информации во врска со истите, обратете се на: Фондација за Претприемачки сервис за млади, info@yes.org.mk /02-3103 891.

**Апликациониот пакет се доставува само по електронски пат на адресата:** info@yes.org.mk.

**Рокот за доставување е 20.01.2017 година.** Апликациите испратени после предвидениот рок нема да бидат прифатени.

Проектниот тим со електронска порака ќе го потврди приемот на апликацијата.

# 6. ИНФОРМАТИВНИ СЕСИИ

За заинтересираните кандидати, ќе се организираат 4 информативни сесии за овој повик:

1. Скопје – 13 декември
2. Тетово – 15 декември
3. Битола – 19 декември
4. Штип – 20 декември

Пријавувањето е на следниов линк https://goo.gl/SA9Kly.

# 7. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата ќе се спроведе согласно следната методологија:

| | | |
|---|---|---|
| | ДА | НЕ |
| **АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА (прва фаза)** | | |
| Апликацијата е доставена во рамки на временскиот рок објавен во Повикот (20 јануари 2016 година) | | |
| Апликацијата е уредна и ги содржи сите прилози објавени во повикот (Прилог 1 - Образец за пријавување, Прилог 2 – Буџет, тековна состојба, писмо за поддршка од единицата за локална самоуправа). | | |
| Организациите ги исполнуваат формалните услови за учество во повикот (основана е и регистрирана согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации најмалку две година пред датумот на објавување на овој повик). | | |
| Апликацијата вклучува партнерство од најмалку две граѓански организации што ги исполнуваат формалните услови за учество. | | |
| Доколку **сите претходни одговори се ДА:** | | |
| **ЕВАЛУАЦИЈА НА ЦЕЛОСНАТА АПЛИКАЦИЈА (втора фаза)** | ВКУПНО | ДОДЕЛЕНИ |
| Евалуација на образецот за пријавување и буџетот | 100 бода | |
| - Предложениот проект обезбедува меѓусебна конзистентност. Поврзаноста помеѓу целта, резултатите и предложените активности е видлива и јасна. | 15 бода | |
| - Проблемот е успешно и прецизно поставен. Целта на проектот е прецизно поставена и одговара на целите на проектот „Заедно за успех“. | 10 бода | |
| - Активностите се прецизно и успешно поставени и одговараат на временската рамка (8 месеци). | 20 бода | |
| - Проектот е заснован на промовирање на младинското учество и предвидува вклучување на најмалку 15 млади претприемачи од различни етнички заедници. | 15 бода | |
| - Буџетот е реално поставен и одговара на предложените активности. Почитувани се принципите на солидно финансиско работење и дозволените категории на трошоци. 15% од буџетот е доделен на активност за градење на капацитети на граѓанските организации. | 15 бода | |
| - Организациите имаат соодветен организациски и финансиски капацитет. Партнерството вклучува организации што ги покриваат двете релевантни области – младинско претприемништво/економско јакнење на млади и унапредување на меѓуетнички односи. | 10 бода | |
| - Организациите имаат досие на успешност во реализирање на проекти во областа на младинското претприемништво, социо-економското јакнење на младите и унапредување на меѓуетничките односи. | 15 бода | |
| **ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТ (трета фаза)** | ДА | НЕ |
| Комисијата за избор има потреба од доставување дополнителни информации од страна на апликантот. | | |
| Комисијата за избор по спроведената евалуација донесе одлука за доделување грант и предлага склучување на договор. | | |

Врз основа на спроведената постапка, Комисијата за избор ќе подготви листа на рангирани проекти, вклучувајќи и резервна листа. Највисоко рангираните апликанти-потенцијални грантисти ќе бидат повикани на поединечни состаноци за понатамошно дискутирање и усогласување на

предложениот проект и буџет. Конечната листа ќе биде објавена на веб страницата на Мрежата за поддршка на младинско претприемништво www.yes-network.org.

## 8. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГРАНТОВИТЕ

Грантистите и спроведувачите на проектот „Заедно за успех" ќе потпишат договор со кој се дефинираат меѓусебните права и обврски, како и начинот на спроведување и исплата на одобрениот грант. Во текот на спроведувањето на проектот, избраните граѓански организации се обврзуваат да достават квартален наративен и финансиски извештај најдоцна петтиот ден од наредниот месец. По завршување на проектите, во рок од 30 дена грантистите ќе достават и конечни наративни и финансиски извештаи. За таа цел, на грантистите ќе им бидат доставени упатства и обрасци за подготовка на наративниот и финансискиот извештај. Исплатата на грантовите ќе се врши на следниот начин:

- прва рата – 50% од целосниот грант 15 дена по потпишувањето на договорите;
- втора рата – 30% по одобрување на кварталниот наративен и финансиски извештај;
- трета рата – 20% по одобрување на финалниот наративен и финансиски извештај.

При исплатата на ратите од грантовите ќе се земе предвид и динамиката на спроведувањето на проектните активности и буџетот.

Во случај на неизвршување или јасна неадекватна имплементација на активностите предвидени во проектната апликација, грантот ќе биде намален соодветно.